Бр./Nr 12-1219/15
14-08-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на продолжението на 8–та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1219/1 од 22.03.2024 година оформен по пријава од познат подносител против службеното лице --------, Градоначалникот на Општина -------- (понатаму: Градоначалник), **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата со број 12-1219/1 од 22.03.2024 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ.**

За констатираните прекршувања на законските одредби, ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка до надлежен орган.

Предметот со број 12-1219/1 од 22.03.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 22.03.2024 година, поднесена е пријава против службеното лице --------, Градоначалникот на Општина ----------- и оформен е предмет број 12-1219/1 од 22.03.2024 година.

Во наводите во пријавата се изнесени сомневања дека Градоначалникот во периодот од распишување на претседателските и парламентарните избори извршил именување на лицето --------- за вршител на должност директор на Детската градинка “----------” во Општина ---------- со кое засновал работен однос на ден 06.03.2024 година,

што е спротивно на законските прописи. Дополнително е наведено дека именуваното лице кое не е од редот на вработените, спротивно на Законот за заштита на децата и кое лице немало ниту положен испит за вршење на функцијата директор.

Исто така, во пријавата се наведува дека се склучени договори за дело со повеќе од 50 лица, кои плаќања се извршени преку авторска агенција и за кои не била претходно обезбедена согласност од Министерството за труд и социјална политика (понатаму: МТСП). Договорот за јавна набавка помеѓу општината и авторската агенција, како што е наведено во пријавата, бил склучен по 10.03.2024 година, а договорите за привремено ангажирање на лицата биле склучени на 01.03.2024 година.

ДКСК, постапувајќи согласно член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со цел прибавување на потребни податоци и информации заради целосно утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, достави барања за прибирање на податоци и информации до надлежни институции, од каде во законски утврдениот рок беа доставени одговори со бараната документација.

Од извршениот увид во целокупната документација по оформениот предмет, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

1. Во однос на **именувањето на в.д. директор**, видно од доставените договори за привремено ангажирање, лицето ----------- е работно ангажирано како социјален работник во градинката, во месеците 11/2023, 12/2023, 01/2024 и 02/2024 година.

Со Решение за именување на вршител на должност директор ЈОУГД "----------" бр. 09-280/1 од 29.02.2024 година, за вршител на должност директор на детската градинка, од страна на Градоначалникот именувано е ------------, работно ангажирана како социјален работник.

Видно од прибавениот документ - Историјат од Агенцијата за вработување на РСМ се констатира дека ова лице било вработено на определено време, почнувајќи од 06.11.2008 година па се до именувањето за В.Д директор до 06.03.2024 година во Фондација ----------------, а потоа во "Иницијатива за правата на жените од ---------- – Скопје". Работниот однос кај вториот работодавач се совпаѓа со периодот на нејзино ангажирање и како социјален работник во детската градинка и тоа за месеците 11/2023, 12/2023, 01/2024 и 02/2024 година.

Од детската градинка ЈОУДГ "------" во ------- со допис – Одговор за доставување на информации е добиено образложение дека претходниот в.д директор на градинката има поднесено барање за престанок на в.д. директор на ден 07.02.2024 година. До сите вработени, кои ги исполнуваат условите за вршење на оваа функција, доставен е предлог за прифаќање на функцијата в.д директор, кој вработените го одбиле со давање писмени изјави за откажување. Поради постоење ризик детската градинка да остане без раководно лице, лицето --------, иако не била од редот на вработените во градинката, е именувана за в.д. Директор на градинката, по што е евидентирана во платните списоци како вработено лице во градинката на работното место – директор сметано од 06.03.2024 година.

Согласно член 126 став 2 од Закон за заштита на децата[1], Градоначалникот во рок од 3 дена од денот на разрешување на директорот, именува в.д. директор од редот на вработени, додека во член 127 став 2 е уредено дека истиот не е должен да поседува лиценца за директор.

Констатиравме дека иако се доставени договори за нејзино ангажирање во градинката за период ноември 2023 до февруари 2024 година, лицето ---------- **не е од редот на вработените на детската градинка ЈОУДГ "--------" во** ----------, од причина што заклучно со 05.03.2024 година е вработена на определено време во "Иницијатива за правата на жените од ----- – Скопје", а истата е назначена за в.д. директор на ден 06.03.2024 година. Ова значи дека од страна на Градоначалникот не се испочитувани законските одредби со кое е уредена предметната постапка, со што е злоупотребена неговата функција и јавно овластување.

2. Во однос на делот од претставката за **склучени договори за дело** со повеќе лица, констатиравме дека Агенцијата за интелектуална сопственост "---------- – Скопје, на ден 27.03.2024 година има склучено авторски договори со 76 лица, врз основа на Договор за набавка на услуги од авторска агенција, број 14-94/24 од 19.03.2024 година, со важност од една година, по спроведена постапка за јавна набавка со општина ----------.

Исто така констатиравме дека од страна на општината, за ангажирањето на овие лица и склучувањето на договорите со истите, претходно не била обезбедена согласност од Министерството за финансии, како што предвидува член 9 од Законот

[1]„Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22

за трансформација во редовен работен однос (Службен весник на Република Македонија, бр.20 од 12.02.2015 година) и Автентичното толкување на овој Закон (Службен весник на Република Македонија, бр.44 од 19.03.2015 година), каде е уредено .....*„институциите може да ангажираат лица .......... по претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии“........*

Имајќи ја предвид постапката за ангажирање на лица врз основа на авторски договори, констатирано е дека на склучувањето на истите претходела постапка за јавна набавка на услуги од авторска агенција и договорите биле склучени помеѓу физичките лица и општината, за секој месец поединечно. При извршен увид во договорите, месечните фактури, констатиравме дека иако договорите се потпишани на ден 27.03.2024 фактурирани и исплатени се услуги за цел месец 03.2024 година.

Од страна на градоначалникот, при ангажирање на лицата и склучување на авторските договори, не била побарана согласност за обезбедување на финансиски средства од Министерството за финансии за ангажирање на лицата по договор за дело со кои биле склучени предметните договори. Со непочитување на законските одредби, од страна на наведеното лице е сторена повреда на Законот за трансформација во редовен работен однос со што е злоупотребена неговата функција и јавно овластување.

Воедно, со ваквите дејствија истото лице го повредило и начелото на законитост од член 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, конкретно став (2) од истиот каде е наведено дека *„Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.“*

Од фактичката состојба, ДКСК утврди дека наводите изнесени во поднесената Претставка се основани, поради тоа што

1. Од страна на Градоначалникот на општина -------, ----------, донесено е решение за именување за вд директор детската градинка ЈОУДГ “----” во ----------, на лице кое не е од редот на вработените во градинката, спротивно на одредбата од членот 126 од Законот за заштита на децата.

2. Од страна на Градоначалникот на општина ------------, ------ потпишани се договори на дело за лица, ангажирани за потребите на градинката, без да биде обезбедена согласност од Министерството за финансии, што е спротивно на одредбите на Законот за трансформација во редовен работен однос.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, ДКСК утврди дека наводите се потврдуваат, за констатираните прекршувања на законските одредби ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка до надлежен орган, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата